**До: Државна комисија за спречување на корупцијата**
Задолжено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер:
Бурим Абази
Контакт тел: +389(71)221-572
е-маил: b.abazi@dksk.org.mk

(имател на информацијата)

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETERÖR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIO
СКОПЈЕ SHKUP
Примено: / Pranuar: 19-04-2024
Орг. Единица / Nj. Organizative: 03 | Број / Numri: 1454 | Прилог / Shtojcë: /1 | Вредност / Vlera:

[redacted]

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: **Државна комисија за спречување на корупцијата** бул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје Република Северна Македонија Телефон: +389 2 3248 930, е-пошта: contact@dksk.org.mk

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**1.Број на поднесени барања за заштита (од одмазда) на укажувачот за временски период од стапување во сила на законот за заштита на укажувачите до денес?**

**2.Број на одобрени барања за заштита (од одмазда) на укажувачот и резултатите од секој случај за временски период од стапување во сила на законот за заштита на укажувачите до денес? (на пр. враќање на работа, заштита од отказ или други дејствија)**

**3.Број на одбиени барања за заштита на укажувачот (од одмазда) и причината за секое одбивање за временски период од стапување во сила законот за заштита на укажувачите до денес?**

**4.Должината на временскиот период потребнен за носење на секоја одлука (прифатени барања/одбиени барања за заштита на укажувачи)?**

**5.Прекршување на законот за укажувачи и изречени казни или санкции за временски период од стапување во сила законот за заштита на укажувачите до денес? (Прекршочни одредби од Законот за заштита на Укажувачи од член 16 до 23 кои конкретно ја опфаќаат вашата институција ).**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид

- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

***Во Скопје*** **Датум: 11.04.2024 година**

[redacted]

Бр./Nr. 03-1454/2
09 -05- 2024 г./v.

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1454/1 од 19.04.2024 година, поднесено преку барателот на информацијата Методи Зајков, генерален секретар на [redacted] го донесе, следното

РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-1454/1 од 19.04.2024 година, поднесено преку барателот на информацијата Методи Зајков, генерален секретар на [redacted] доставено до ДКСК, **СЕ УВАЖУВА**.

Да се одговори позитивно на барањето и до барателот да се достави бараната информација на начин наведено во барањето.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

*Образложение*

Барателот на информацијата, [redacted] до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под архивски бр. 03-1454/1 од 19.04.2024 година.

ДКСК по однос на сите барани информации одлучи на следниот начин:

По однос на бараната информација *„Број на поднесени барања за заштита (од одмазда) на укажувачот за временски период од стапување на Законот за заштита на укажувачите до денес?“* Во период од 2019 до 2024 година беа поднесени 3 барања за заштита од укажувач од кои две барања беа поднесени од ист укажувач во еден конкретен случај, додека едно барање во друг предмет.

Трите барања за заштита, во писмена форма, беа доставени во текот на постапувањето по предмет оформен по пријава од укажувач во ДКСК, откако беа преземени конкретни дејствија за проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба.

По однос на бараната информација ***„Број на одобрени барања за заштита на укажувачот (од одмазда) и резултатите од секој случај за временскиот период од стапувањето во сила на законот за заштита на укажувачите до денес (на пр. враќање на работа, заштита од отказ или други дејствија?"*** Трите барања за заштита од укажувачи кои беа доставени до ДКСК беа одобрени и по нив беше постапено согласно членот 8 и 9 од Законот за заштита на укажувачите, односно беше побарано од посочената институција веднаш а најдоцна во рок 8 дена да се произнесе во однос на наводите за постоење на повреда на право на укажувачот и на членовите на неговото семејство, заради извршеното пријавување.

Во првиот случај, каде укажувачот достави две барања за заштита, постапувањето по конкретниот предмет траеше подолг период. Двете барања за заштита беа поднесени додека се водеше постапката по пријавата која беше поднесена од укажувачот и беа одобрени од ДКСК. По приемот на првото барање за заштита, постапувајќи согласно член 8 и 9 од Законот за заштита на укажувачот ДКСК веднаш достави Барање за произнесување до одговорното лице на пријавената институција, кое не одговори на ова барање во законски утврдениот рок. Истовремено, беа доставени и барања за надлежно постапување до инспекциски органи (Државниот инспекторат за труд, Државниот управен инспекторат) кои веднаш постапија на Барањето на ДКСК.

Од страна на одговорното лице на институцијата беше донесено решение за прераспоредување на укажувачот на работно место оддалечено од Скопје повеќе од 50 километри. Инспекциските органи констатираа дека има прекршување на законските одредби од страна на одговорното лице на институцијата за која пријавува укажувачот и побараа од одговорното лице да го поништи актот со кои му беа прекршени правата на укажувачите. Одговорното лице постапи по налогот на инспекцискиот орган, го поништи Решението за прераспоредување на укажувачот и го распореди/врати укажувачот на старото работно место.

По истек на определено време, укажувачот повторно поднесе Барање за заштита на укажувачот до ДКСК, укажувајќи дека одговорното лице од институцијата му се заканува дека ќе поведе дисциплинска постапка заради престанок на работниот однос. Неговото барање беше одобрено и веднаш беше постапено по истото, односно согласно член 8 и 9 од Законот за заштита на

укажувачот беше побарано произнесување од одговорното лица на пријавената институција, кое во законскиот рок даде свое произнесување. Во рамките на своите законски надлежности, ДКСК достави и барање за надлежно постапување до инспекциските органи, но одговорното лице на пријавената институција во меѓувреме додека постапуваа институциите, му врачи решение за престанок на работен однос на укажувачот. Укажувачот побара судска заштита, поведе работен спор кој траеше две години и кој заврши со враќање на укажувачот на работа. ДКСК поднесе иницијатива за кривично гонење против одговорното лице на институцијата и Иницијатива за утврдување на одговорност, но постапките беа запрени поради смрт на пријавеното лице.

Во вториот случај додека течеше постапувањето по пријавата од укажувачот, тој поднесе Барање за заштита. Барањето беше одобрено во ДКСК и веднаш се постапи согласно член 8 и 9 од Законот за заштита на укажувачите. ДКСК побара произнесување од одговорното лице на институцијата, кое даде свое образложение на случајот, дека укажувачот само бил прераспореден на друго работно место по хоризонтала без промена во висината на плата, заради зголемена потреба од работник во друг сектор. ДКСК побара надлежно постапување од инспекциските органи, кои не утврдија неправилности во постапката при донесување на споменатото решение за прераспоредување на друго работно место. Укажувачот поведе работен спор пред надлежен суд, кој заврши со тоа што тужбата на укажувачот беше одбиена како неоснована.

По однос на бараната информација ***„Број на одбиени Барања за заштита на укажувачот (од одмадза) и причината за секое одбивање за временскиот период од стапување во сила на законот за заштита на укажувачите до денес?"*** Нема одбиени Барања за заштита на укажувачи.

По однос на бараната информација ***„Должина на временски период потребен за носење на секоја одлука (прифатени барања /одбиени барања за заштита на укажувачите)?"***Имајќи во предвид дека барањата за заштита на укажувачите, вкупно три барања за целиот период на примена на законот, беа поднесени во текот на постапување по пријава од укажувач, по сите три барања се постапуваше согласно роковите утврдени во Законот за заштита на укажувачите. По приемот на секое од трите барања веднаш беа доставувани Барања за произнесувања до одговорното лице од институцијата согласно член 9 од законот, како и беа доставени барање за надлежно постапување до други надлежни институции заради проверка на наводите во барањето за заштита.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По однос на бараната информација „***Прекршувања на законот за заштита на укажувачите и изречени казни или санкции за временски период од стапувањето во сила на законот за заштита на укажувачите до денес ?***“

Нема поведени прекршочни постапки.

Државната комисија за спречување на корупцијата во изминатите пет години презема активности во насока на подигање на јавната свест за примена на Законот за заштита на укажувачите, преку редовно одржување на обука на тема заштита на укажувачите или обуки во рамките на системот на интегритет каде заштитеното пријавување е еден од елементите на заштитено пријавување.

Поради сето горенаведено, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Заменик претседател,**
**Зоран Богоевски**

Изготвил: Б.А, службено лице,

Да се достави до:
- подносителот